INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

# БИЛТЕН

*Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје*

*Број 58 / 2021*

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

## СОДРЖИНА

- ЗАПИСНИК од пеесет и осмата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје
- РЕФЕРАТ за избор на научен советник - Ана Блажева

**ЗАПИСНИК**

**од пеесет и осмата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

На 15 октомври 2021 се одржа пеесет и осмата седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје во состав: проф. д-р Дона Колар Панова, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска, проф. д-р Викторија Боровска, проф. Д-р Бранимир Јовановиќ, доц. д-р Ана Блажева, доц.др. Искра Геразова Мујчин, доц. д-р Ристо Карајков, доц. д-р. Здравко Савески

ДНЕВЕН РЕД на пеесет и осмата седница на Научно-наставниот совет,

**НАУЧНО-НАСТАВЕН СОВЕТ**

**15 октомври, 2021**

Дневен ред на 58 седница на Советот:

1. Усвојување на нацрт Записникот од 57-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;

2. Одлука за ментор и прифаќање на тема "Политичката култура во Македонија и нејзиното влијае врз стабилноста и демократијата", на студентката Билјана Танеска;

3. Одлука за избор во звање на доц. д-р Ана Блажева во научно звање вонреден професор;

4. Одлука за избор во звање на м-р Александар Саздовски во стручно звање, асистент соработник;

5. Одлука за ментор и прифаќање на тема: "Децентрализација на социјалните услуги: Симбиоза помеѓу владиниот и невладиниот сектор во служба на граѓаните", на студентката Ана-Марија Циглењак Симоновска

6. Одлука за ментор и прифаќање на тема: "Услови во Република Северна Македонија за економско и психолошко зајакнување на родителите со одземено родителско право за брза и квалитетна реинтеграција на децата од згрижувачките семејства во нивните биолошките семејства", на студентката

Андријана Ѓелевска

7. Одлука за ментор и прифаќање на тема: “Gender segregation in performing arts: Artistic labour and gender identity“, на студентката Гала Насева

8. Разно.

Записник од 58-та седница на Советот:

1. Усвојување на нацрт Записникот од 57-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје; Советот едногласно со усвои нацрт Записникот од 57-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

2. Одлука за ментор и прифаќање на тема “Политичката култура во Македонија и нејзиното влијае врз стабилноста и демократијата”, на студентката Билјана Танеска;
- Советот едногласно донесе одлука да го прифати барањето на кандидатката и да го избере за ментор проф. Здравко Савески

3. Одлука за избор во звање на доц. д-р Ана Блажева во научно звање вонреден професор;
- Советот едногласно донесе одлука да ја избере доц.д-р Ана Блажева во научно звање Вонреден професор.

4. Одлука за избор во звање на м-р Александар Саздовски во стручно звање, асистент соработник;
- Советот едногласно донесе одлука да го избере м-р Александар Саздовски во научно звање Асистент соработник.

5. Одлука за ментор и прифаќање на тема: “Децентрализација на социјалните услуги: Симбиоза помеѓу владиниот и невладиниот сектор во служба на граѓаните”, на студентката Ана-Марија Циглењак Симоновска
- Советот едногласно донесе одлука за прифаќање на магистерска тема: “Децентрализација на социјалните услуги: Симбиоза помеѓу владиниот и невладиниот сектор во служба на граѓаните”, на студентката Ана-Марија

Циглењак Симоновска и одлука да го прифати барањето на кандидатката да ја избере за ментор проф. Калина Лечевска.

6. Одлука за ментор и прифаќање на тема: "Услови во Република Северна Македонија за економско и психолошко зајакнување на родителите со одземено родителско право за брза и квалитетна реинтеграција на децата од згрижувачките семејства во нивните биолошките семејства", на студентката Андријана Ѓелевска
- Советот едногласно донесе одлука за прифаќање на магистерска тема: "Услови во Република Северна Македонија за економско и психолошко зајакнување на родителите со одземено родителско право за брза и квалитетна реинтеграција на децата од згрижувачките семејства во нивните биолошките семејства", на студентката Андријана Ѓелевска и одлука да го прифати барањето на кандидатката да избере ко-менторство од проф. Бранимир Јовановиќ и проф. Ана Блажева.

7. Одлука за ментор и прифаќање на тема: "Gender segregation in performing arts: Artistic labour and gender identity", на студентката Гала Насева
- Советот едногласно донесе одлука за прифаќање на магистерска тема: "Gender segregation in performing arts: Artistic labour and gender identity", ", на студентката Гала Насева и одлука да го прифати барањето на кандидатката да ја избере за ментор проф. Катерина Колозова.

8. Разно.
-За оваа точка немаше дискусија.

Записничар,
Д-р Викторија Боровска

15.10.2021, во Скопје

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 91/2021
30.09.2021 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

За избор на научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје.

Со одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница на Научниот совет одржана на 10.09.2021 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден научен соработник.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатката, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и уметничката дејност на кандидатката.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на доц. д-р Ана Блажева;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката и уметничката дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето научен соработник (еквивалент: доцент).

Комисијата во состав: проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска, проф. д-р Викторија Боровска по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Доц. д-р Ана Блажева, родена на 30.06.1978 година дипломирала на Филозофскиот факултет, на Институтот по Психологија, при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" од Скопје во 2002 година.

Последипломските студии ги завршува на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро Балкан" , во Скопје. Во 2011 година ја одбрани магистерската теза: „Идентитетите како предизвик за интеркултурно образование во Република Македонија" и се стекна со звање Магистер по социологија и род.

Во 2016 ја брани својата докторска дисертација „Меланхолија и политика: Меланхолија на маргинализираниот субјекти и заедници во Република Македонија".

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Во периодот од 2002-2008 година работи како психолог и истражувач во Центарот за психосоцијална и кризна акција на бројни проекти за психосоцијална поддршка во заедници и лонгитудиналната Студија за здравјето и однесувањето кај младите на возраст од 11-15 години на Светската здравствена организација. Во тој период вклучена е во експертскиот тим на проектот *Мрежа на училишта што го унапредуваат здравјето*, поддржан од Европската комисија; Светската здравствена организација (СЗО); Советот на Европа, во соработка со Биро за развој на образование и Центар за психосоцијална и кризна акција, Скопје.
Од 2016 година е избрана за научен соработник/доцент при Институтот за општествени и хуманистички науки Скопје.
Од 2018 година до денес работи како психолог и психотерапевт во Психотерапика - Здружение за психологија и психотерапија.

Во 2008 година е член на стручните тимови за изработка на Нови наставни програми за предметите „вештини на живеење и унапредување на здравјето" за VII одделение како изборни предмети за деветгодишното образование за Бирото за развој на образованието.
Од 2006-2008 година работи како обучувач за наставници „Проект за модернизација на образование", Алгоритам центар, Скопје. Од 2008 -2011 како проектен координатор на проектот „Превенција на насилно однесување во основните училишта во Р. Македонија" поддржан од УНИЦЕФ – Скопје и Бирото за развој на образование. Во рамки на проектот се развива и првата Национална стратегија за намалување на насиството во училиштата усвоена од Министерството за образование и наука на Република Македонија.
Од 2009 до 2011 година како дел од тимот на ХОПС- Опции за здрав живот работи како превентивен работник на проектот „Воспоставување на училишна програма за превенција од дрога во Р. Македонија" поддржан од ТРИМБОС исnтитут, Холандија.
Од 2012 година работи како истражувач и програмски координатор во Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во својата научно-истражувачка дејност доц. Ана Блажева има соработувано со различни институции и организации. Како истражувач во Центарот за психосоцијална и кризна акција, Скопје работи на „Студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст во Р. Македонија"- (СЗО).
Потоа, во соработка со Биро за развој на образованието ја прави „Анализа за развојот на гимназиското образование во Република Македонија и во другите земји";
Со граѓанската организација ХОПС Опции за здрав живот, Скопје работи на две истражувања: „Проценка на родово поврзаните прашања со ризикот од ХИВ/СИДА и на пречките што го условуваат рамноправниот пристап до соодветни услуги за превенција и лекување на

ХИВ/СИДА": Брза проценка и одговор на потребите и можностите за спроведување активности за превенција и помош при употреба на дроги меѓу средношколската младина во град Скопје".

Во соработка со Институт за општествени и хуманистички истражувања „Евро – Балкан" е дел од истражувачкиот тим на проектот „Род, миграции и интеркултурни интеракции", дел од FP7 програмата на Европската Унија.

За Советот за радиодифузија учествува во изработка на две истражувања: „Анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање" и „Анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмските концепти и содржини".

Во рамки на Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје учествува во планирањето и реализацијата на следните истражувања и студии:

- „Родова димензија на политики во фокус – јакнење на резилиентност во пост-ковид период",
- „Материјалистички и колективистички борби за климатска правда: Еко-социјализам, марксистички феминизам и критика на авторитаризмот воспоставување обединета платформа",
- „Иновација во Образованието: Интерсекција на природните и техничките со општествените и хуманистичките науки"
- Општествена нормализација: Јакнење на политичкиот дијалог и деполаризација на јавниот дискурс,
- "Municipal organizing and left-wing environmental solutions"
- „Дискусии за реформските приоритети во овозможувањето на „одзаробување" на државните институции";
- „Иницијативи за уредничка слобода: Нови политики и застапување засновано на податоци";
- „Отворање нов потенцијал за левицата во Македонија";
- „Демаскирање на заробената држава во Македонија: Илибералната демократија е легална";
- „Граѓанските организации во промоција и застапување на правото на слобода на изразување и здружување";
- „Одговарајќи на предизвиците на социјалистичката стратегија и дискурсот во Македонија";
- „Слободата на изразување, здружување и претприемништво во заробена држава: Случај Македонија 2015";
- „Како да профункционира системот на спреги и кочници во Република Македонија",
- „Зајакнување на механизмите за независно судство во Македонија";
- „Истражување за родова еднаквост во општините од Полошкиот регион во Р. Македонија"
- „Проектот Скопје 2014 и неговите ефекти врз перцепцијата на граѓаните на Скопје за македонскиот идентитет",
- „Етнички и родово инклузивност во ЛГБТИ движењето во Р. Македонија" и др.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

2. Објавени трудови:

**ДОКУМЕНТИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ**

-Автор (2020) „Модел за деполаризација – политичкиот дијалог и граѓанското учество во надминување на општествената поларизација"
-Ко-автор (2018) „Документ за јавна политика за ефектите од постоечката регулатива врз уредничката/медиумската слобода", Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје
-Ко-автор (2016) „Ефикасно собрание, силна демократија: Визија за подобрување на системот на спреги и кочници во Република Македонија, Институт за Европски политики
-Автор (2014) „Креирање родово ефективни политики" – Институт за општествени и хуманистички истражувања – Скопје http://isshs.edu.mk/documents/Studija-na-politiki.pdf

**ПУБЛИКАЦИИ ОД ИСТРАЖУВАЊА**

-Ко-автор (2019) Политичко учество на жените во Северна Македонија: Студија и научно истражувачки тимови Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија (достапно на: https://www.wfd.org/wp-content/uploads/2020/02/WPP-WFD-MK.pdf?fbclid=IwAR0_vLzz14xpvS8zy9k2WBnhE4yaBa28gbBD93xkvXUEZa-lLnowqnblaGk)
-Ко-автор (2019) "Polarizing discourse and it effects on political and social polarization" Institute of Social Sciences and Humanities - Skopje
-Ko-avtor (2019) "Analysing and application of standards on workers' rights in the Republic of North Macedonia". Helsinki Committee on Human Rights of the Republic of North Macedonia.
-Ко-автор (2018) „Услуги за лицата со попреченост на локално ниво – од закон до реалност"; Здружението за поддршка на деца и млади со различности СИНАТА ПТИЦА – Скопје (достапно на: http://sinataptica.org.mk/wp-content/uploads/2018/03/Sinata-ptica-Uslugi-za-licata-so-poprecenost-9-vnatresni-mk.pdf )
-Автор (2017) Блажева А „Истражување за употребата на медиумите: Медиумската писменост и саморегулацијата како услови за постигнување повисоки професионални стандарди и демократичност на медиумите", Метаморфозис, Фондација за интернет и општество (достапно на: http://proverkanafakti.mk/wp-content/uploads/2017/06/Istrazuvanje-za-upotreba-na-mediumite-MK.pdf )
-Ко-автор (2016) „Слободата на изразување, здружување и претприемништво во заробена држава: Македонија во 2015", Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје
-Ко-автор (2015) Истражување за разбирањето и познавањето на граѓаните на човековите права и механизмите за заштита при нивно прекршување, Хелсиншки комитет за човекови права (достапно на: http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/902/Istrazuvanje_Razbiranje_na_covekovi_prava_MK_EN_AL.pdf
-Ко-автор (2013) „ Етничка и родова вклученост во ЛГБТИ движењето во Република Македонија" - Институт за општествени и хуманистички истражувања – Скопје (достапно на: http://isshs.edu.mk/mk/index.php?newsinfo=290 )

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

-Ко-автор: "Who Owns Alexander the Great? A Question of EU Enlargement" - Institute of Social Sciences and Humanities-Skopje: (достапно на: http://isshs.edu.mk/documents/Who-owns-Alexander-the-Great-A-Question-Upon-Which-EU-Enlargement-Relies.pdf)
-Ко-автор: "Skopje 2014 Project and its Effects on the Perception of Macedonian Identity Among the Citizens of Skopje" - Institute of Social Sciences and Humanities-Skopje: ( достапно на: http://isshs.edu.mk/documents/1.-Sk2014-ENG.pdf)
-Автор (2010) Blazheva A. "National case study on Intercultural Education WP5" (достапно на: http://www.gemic.eu/wp-content/uploads/2010/10/WP5-Macedonia-intercultural-education.pdf )
-Ко-автор (2009) Блажева А. и Чонтева Ж. „Иницијална студија за насилството во основните училишта во Р. Македонија" (достапно на: http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/Studija_za_nasilstvo_-_MK%281%29.pdf )
-Ко-автор (2008) Блажева А., Чонтева Ж. Истражувачки проект - Спречување на насилството кај средношколците во градот и развивање на меѓусебна доверба – Алгоритам Центар, Скопје
- Ко-автор (2002) Ѓориќ А, Егуменовска К,: Учество на децата во проектот „Безбедно училиште во заедница под ризик – Билтен на Македонската мрежа на училишта што го унапредуваат здравјето бр. 10 , Биро за развој на образованието, Скопје, Р. Македонија 22-23
- Ко-автор (2002)Ѓориќ А, Ќостарова У.Л., Наумова К.: Младите и „ризичното однесување", причина и(ли) последица?– Децата и нивната добросостојба – зборник текстови – Студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст во Р. Македонија, Малинска 54-68

## ПРИРАЧНИЦИ

-Ко-автор (2016) Прирачник за застапување засновано на податоци; Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје Достапно на: http://www.isshs.edu.mk/wp-content/uploads/2017/05/manuel.pdf
-Ко-автор (2008) Прирачник за наставата по изборниот предмет – Унапредување на здравјето - Биро за развој на образованието, Скопје (http://www.bro.gov.mk/docs/izdavacka_dejnost/priracnici_izb_predmeti/Unapreduvanje_na_zdravjeto.pdf)
-Ко-автор (2007): Прирачник со работилници за современи и креативни методи за учење и техники на учење и осовременување на наставата – Алгоритам центар, Скопје (http://www.algoritamcentar.edu.mk/programi/sovremeniikrativnimetodi.pdf)
-Ко-автор (2006): Учениците креатори на сопственото здравје и животна средина во својот град –Јувентас, Скопје

## АКАДЕМСКИ ТЕКСТОВИ

1. Автор (2021) Блажева А. „Афективни политики на „автономната зона": од меланхолија до зајакната политичка акција". ЕтноАнтропоЗум Бр. 21. ( "Affective politics of the "autonomous zone": from melancholia to empowered political action" EthnoAnthropoZoom Ho.21 (approved, in final editing)

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

2. Ко-автор (2021) Article: Ticking boxes and clocking in: A critical view of gender mainstreaming in labour-market integration Journal: *Norsk Geografisk Tidsskrift - Norwegian Journal of Geography. Taylor&Francis Online* Volume 75, 2021 - Issue 3, Pages 171-186. Available at: https://doi.org/10.1080/00291951.2021.1929453
3. Автор (2019) Blazheva A. | Macedonian Affective Rhizome: Fear and Shame in the Case of the Macedonian "Name Issue". Identities: Journal for Politics, Gender and Culture Vol.16 No.1-2 2019, 92-99 Available at: file:///D:/Ana/Publikacii/Identities,%20Vol.%2016,%20No.%201-2%20(Summer%20-%20Winter%202019)_compressed.pdf
4. Автор (2017) Blazheva A. "The Emotions and the Political: the Transformative Potential of the Melancholy" - The Journal for Politics, Gender and Culture Vol.13 / 2016-2017, Institute for Social Sciences and Humanities – Skopje
5. Автор (2016) Blazheva A. "Melancholy As A Potential For Political Imagination", Proceedings from the International scientific conference Challenges Of Contemporary Society, Institute For Sociological, Political And Juridical Research

**ДРУГИ ПУБЛИКАЦИИ:**

1.Блажева А. „Политики на грижа и користење на афетивните политики во надминување на мелнахолијата во левицата" уредник Ксенија Форца во „Мелнахолија и побуна: Емоционално мапирање на левицата и феминизмот, Роза Луксембург Штифтунг за Југоисточна Европа, Белград 2019
https://www.rosalux.rs/sites/default/files/publications/Od_melanholje_do_pobune_web.pdf
2.Ко-уредник на ОД КОНТАКТ ВО СВЕСНОСТ Зборник на авторски текстови од областа на гешталт психотерапија, Гешталт институт - Скопје, 2017
3.Blazheva A. (2017) Presentation from Ana Blazheva. WHOSE REVOLUTION? Proceedings from the event held in Kino Kultura, Skopje, Macedonia, May 5-6, 2017
http://www.isshs.edu.mk/wp-content/uploads/2017/11/WHOSE-REVOLUTION.pdf
4.Блажева А. (2016) Социјалните движења и развивањето нови политики на грижа. Форум Аналитика Бр.12 http://forum.org.mk/?p=404&lang=mk
5.Блажева А. (2012) Критичката педагогија и интеркултурното образование како основа за дијалог и промени во Младите, неформалното образование и социјалните медиуми согледувања и практики приредила Виолета Симјановска, ЦИУ Мултимедиа Скопје http://multimedia.org.mk/wp-content/uploads/2012/12/Book_MKD1.pdf

**3. НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

Д-р Ана Блажева е професорка на предметите: „Академско пишување и истражувачки методи", дел од задолжителниот методолошки модул на последипломските програми на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје и на изборните предмети: „Емоции и политики"; „Родови политики".

Д-р Блажева има богато искуство како обучувач во различни обуки, семинари и работилници во полето на образование, родови прашања и институционални политики.

Била член на комисија за одбрана на магистерски труд на 5 кандидати и член на комисија за избор во звање на 2 кандидати.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Досегашното научно-истражувачко и работно искуство, објавените трудови, учеството во работата на бројни теренски истражувања, семинари, работилници и проекти, додипломското образование и завршените постдипломски студии, сведочат за упатеноста на д-р Ана Блажева во научното истражување.

**III. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

По прегледувањето на приложените трудови, особено по прегледувањето на успешно одбранетиот докторски труд и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано е дека научните истражувања на д-р Ана Блажева се развиваат и се фокусираат во однос на дисциплините и интердисциплинарните области од општествените и хуманистички науки.

**Заклучок:**

Од приложената документација може да се констатира дека: Доц. д-р Ана Блажева има искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти- изработка на инструменти за: анкети, интервјуа, фокус групи и анализи на содржина, организација и реализација на емпириски истражувања, анализа на податоци и пишување на научни студии. Нејзината работа и трудови се базирани на самостојно работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања.

Темите кои ги опфаќа во својата работа, магистерскиот и докторскиот труд покажува дека има значаен удел за општествените и хуманистичките дисциплини во Македонија. Со тоа покажува сериозна иницијативност, самостојност и желба да даде придонес во развојот на соодветните научни области.

Откако внимателно ја разгледа приложената документација, комисијата заклучи дека д-р Ана Блажева ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Македонија, за избор во научно звање – виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор).

**Предлог:**

Запознавајќи се со научниот опус и наставените активности на доц. д-р Блажева, можеме да заклучиме дека таа постигнала значајни резултати кои имат влијание на развојот на науката и практиката во Република Северна Македонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, доц. д-р Ана Блажева да се избере во звањето виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Рецензентска комисија:

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, претседателка

Д-р Калина Лечевска, вонреден професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, членка

Институт за општествени и хуманистички науки • СКОПЈЕ

Д-р Викторија Боровска, вонреден професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, членка

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk